До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година и 02-2451/1 од 20.07.2026 година, го дава следното

М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.“

ДКСК е на став дека во конкретниот случај од поднесеното барање за мислење постои состојба на судир на интереси доколку службеникот кој е ангажиран во Општина Студеничани, а во исто време и управител на економскиот оператор кој учествува во постапка за јавна набавка што ја спроведува Општина Студеничани има учествувано на некој начин во постапката на наведената јавна набавка. Во **спротивно, доколку споменатото лице нема учествувано во ниедна фаза од спроведената јавна набавка, на директен или на посреден начин, не настанува состојба на судир на интереси**.

Притоа, службеното лице е должно да внимава на забраната за злоупотреба на службени податоци согласно член 50 став (1) и на забраната за влијание врз

постапките за јавни набавки согласно член 57 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
Член 50 став (1): „Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.“
Член 57 став (1): „Службено лице не смее да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка.“

Исто така, ДКСК укажува на почитување на Начелото на интегритет, од страна на службените лица, предвидено со истиот закон:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Претседател

Адем Чучуљ